**Политика за деловно однесување во ЕВН**

ЕВН е меѓународна компанија што дава енергетски и услуги од областа на животната средина. Свесни сме за влијанијата на нашите деловни активности врз животната средина и општеството и посветуваме исклучително внимание на етичкото и правно одговорно однесување на сите наши вработени, деловни партнери и добавувачи. На тој начин сакаме да придонесеме за подобра иднина.

## Цели

Оваа политика е наменета да послужи како водич за нашите напори за идентификување, процена и управување со материјалните влијанија, ризици и можности на нашите деловни активности. Ги дефинира принципите и процесите што формираат основа за следење, контрола и ублажување на актуелните или на потенцијалните влијанија и ризици.

Оваа политика ја нагласува нашата посветеност на одржливата ориентација на нашите деловни активности. Исто така, таа ги одразува нашите напори да дадеме позитивен придонес кон Целите за одржлив развој (SDGs) на Обединетите нации (ОН), што ги поддржуваме долги години.

## Област на важење

Оваа политика ги покрива нашите принципи и упатства за одговорни и чесни постапки и е применлива насекаде во Групацијата во Австрија и во другите земји. Нашите вредности на ЕВН, Кодексот на однесување на ЕВН, Кодексот на однесување за добавувачи (клаузула за интегритет на ЕВН), нашата Политика за човекови права и нашето Упатство за одржливост, ја нагласува и ја обезбедува насочената комуникација на овие принципи. Очекуваме и нашите деловни партнери, добавувачи и клиенти да ги почитуваат и да ги поддржат нашите барања и напори за спречување или ублажување на негативните или непожелни влијанија врз животната средина и општеството. Ние соработуваме секаде каде што е можно за да ги исполниме нашите цели за одржливост.

При овие принципи на однесување и насоки за дејствување, се концентрираме на темите што за време на годишното ажурирање на анализата на материјалноста се идентификувани како фокусни теми.

## Принципи на однесување и приоритетни насоки за дејствување

Ги следиме упатствата и препораките содржани во рамките на националните и меѓународните организации. Овие рамки го вклучуваат, особено, следново: Глобалниот договор на ОН, Универзалната декларација за човекови права усвоена од Обединетите нации и Европската конвенција за заштита на човекови права и основни слободи, Трипартитната декларација за принципи издадена од Меѓународната организација на трудот (МОТ) во врска со мултинационалните претпријатија и социјалната политика, Декларацијата на МОТ за основни принципи и права на работно место, Насоки на ОЕЦД за мултинационални претпријатија, ОЕЦД Конвенција за борба против поткуп на странски јавни службеници во меѓународните деловни трансакции, како и Австрискиот кодекс за корпоративно управување.

Постигнувањето на целите на нашата корпоративна политика се заснова на следните принципи на однесување и насоки за дејствување:

→ Усогласеност: Ние сме посветени на усогласеност со сите релевантни прописи и стандарди. Нашата цел не е само да ги исполниме, туку – секогаш кога е можно – да ги надминеме овие барања. Прекршоците во однос на усогласеноста од кој било тип мора да се избегнуваат бидејќи им нанесуваат штета на компаниите во Групацијата ЕВН како и на секој вработен. Со цел да обезбедиме интегритет и усогласено однесување, инсталиравме систем за управување со усогласеноста во целата групација, кој е заснован на три столба: превенција преку создавање свест и обука, идентификација на прекршоци и реакција преку објаснување и подобрување.

→ Развој на компетенции: Секој вработен е одговорен за минимизирање на негативните влијанија од неусогласеноста, поврзани со неговите или нејзините активности. Ние спроведуваме редовни задолжителни програми за обука и дополнителни активности за подигање на свеста за да се создаде поголемо разбирање меѓу нашите вработени за нашите принципи и упатства и да им дадеме сигурност во нивните секојдневни оперативни активности. Нашите деловни партнери и нивните вработени се исто така информирани за нашите вредности и стандарди на однесување преку курсеви за обука и работилници.

→ Интегритет и спречување корупција: Одлучно им се спротивставуваме на сите форми на корупција и применуваме многу широка дефиниција на овој поим: Покрај незаконските плаќања (на пр. поткуп, мито, фиктивни услуги), сметаме дека корупцијата ги вклучува и сите видови бенефиции (на пр. подароци, покани, привилегии што не се вообичаени, нематеријални предности како награди или заштита). Се забранува прифаќање и доделување на овие видови поволности за сите вработени во ЕВН и за нивните роднини низ целата групација. Единствените исклучоци претставуваат прифаќање или давање подароци со мала вредност, вообичаени за местото и за земјата. Освен нашиот рестриктивен внатрешен каталог на правила и вредности, сите вработени во ЕВН и во корпоративни тела подложат на строгите австриски закони за јавните службеници. Усогласеноста и безбедноста во овие области се поддржани со фокус на интегритетот и на спречување корупција во сите наши формати за обука за усогласеност.

→ Транспарентност: Ние придаваме големо значење на транспарентноста во однесувањето кон сите наши стеикхолдери при нашите деловни активности. Затоа, нашите корпоративни принципи се достапни и внатрешно и надворешно. Освен тоа, убедени сме дека информациите од засегнатите страни можат да дадат важен придонес за подобрување на корпоративната култура и усогласеност со нашите политики и норми. Ова се одразува во креирањето различни можности за пријавување поплаки или давање информации за неусогласено однесување. На ниво на Групацијата, воспоставен е унифициран систем за управување со жалби и процедура за пријавување неправилности, кои го гарантираат стандардизираното следење на поплаките и на пријавите за спречување или прекинување неправилности или несоодветно однесување. Свесни сме за нашата одговорност за заштита на укажувачите на кои им се гарантира максимална доверливост и анонимност.

→ Одржливо управување со набавките и добавувачите: Свесни сме за влијанијата на нашите процедури за набавки кон животната средина и општеството и се залагаме за заштита на природните ресурси и на работниците во синџирот на вредности. Затоа, критериумите за одржливост се вклучени во процесот на селекција на нашите добавувачи кои, доколку е потребно, ги поддржуваме во подобрувањето на нивните перформанси за одржливост. Одржливата набавка во ЕВН се заснова на нашиот стратешки менаџмент на добавувачи и се дополнува со анализата и

следењето на синџирот на вредности, како и системот за ревизија. Применуваме пристап заснован на ризици при исполнувањето на нашите цели.

## Одговорност

Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје го претставува највисокото раководно ниво кое е одговорно за спроведување на оваа политика.

**Управен Одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје**